UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............ 3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад* .... 11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* .................................................................... 29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнata поставеност на советите на општините во источно-плански регион* .................................................................... 41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* .................................................................... 69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* .................................................................... 75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба* .................................................................... 85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* .................................................................... 95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* .................................................................... 103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување* .................................................................... 111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба* .................................................................... 121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател“ и нејзина примена во меѓудржавните односи* .................................................................... 129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање* .................................................................... 137

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**

**УДК: 364.2**
**364-786**

# ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ И СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА И НИВНО РАЗЛИЧНО ДЕФИНИРАЊЕ

**Апстракт:** Факторите кои влијаат на концептите за квалитет на живот и социјалната инклузија се многу комплексни во нивното анализирање, компарирање и дефинирање.

Анализата на општествените појави кои можат да ги детерминираат овие концепти се многу обемни и е тешко да се направи јасна дистинкција во подредување на една приоритетна листа на појавите, за кои би требало да се преземат соодветни мерки, активности како и изготвување на акциони планови за подобар пристап кон нивно решавање.

Влијанието кои го детерминираат квалитетот на живот и социјалната инклузија зависи од политичките, економските, институционалните фактори со посебен фокус на организацијата и функционалноста на институциите, потоа развој на системите за социјална и здравствена заштита, негувањето на културата и традицијата, зајакнување на локалните власти како и намалување на стапката на невработеност. Сите овие фактори имаат големо влијание на субјективното задоволство на поединецот, истовремено насочувајќи кон градење на стратешки мерки и модели кои ќе бидат продуктивни, современи и адекватни.

Креирањето и преземањето на мерки од политички аспект на одредено структурно ниво, подразбира дека човековите права ќе бидат заштитени сѐ со цел подобрување на условите на поединецот во општеството, односно социјалната инклузија подразбира чувство на прифатеност во заедницата, поединците да бидат почитувани како личности, кои врз основа на развој на своите способности можат да допринесат за поквалитетно општество.

Потребно е преземање на конструктивен пристап во рамките на општеството, со посебен акцент на факторите кои го детерминираат квалитетот на живот и различните показатели кои укажуваат за негова проценка, објективните и субјективните димензии кои го генерализираат во повеќе аспекти во општествениот живот.

**Клучни зборови:** *поединец, општество, заштита*

**TRAJKOVSKA ANCHEVSKA Zhaklina**
**DIMESKA Natasha**

**UDK: 364.2**
**364-786**

# FACTORS AFFECTING THE QUALITY OF LIFE AND SOCIAL INCLUSION AND THEIR DIFFERENT DEFINITION

**Abstract:** The factors that affect the concepts of quality of life and social inclusion are very complex in their analysis, comparing and defining.

The analysis of social events that can determine these concepts are very extensive and it is difficult to make a clear distinction in ordering a priority list of events for which appropriate measures, activities should be undertaken, as well as preparation of action plans for a better approach to their solving.

The influence that determines the quality of life and social inclusion depends on the political, economic, institutional factors with a particular focus on the organization and functionality of the institutions, then the development of social and health care systems, culture and traditional concerns, strengthening of local authorities, and the reduction of the unemployment rate. All these factors have a major impact on the subjective satisfaction of the individual, at the same time directing him towards development or building of strategic measures and models that will be productive, modern and adequate.

Creating and undertaking measures from a political aspects in a certain structural level implies that human rights will be protected in order to improve the individual's conditions in society, actually social inclusion implies a sense of community acceptance, individuals should be respected as a human, who based on their abilities, can contribute for a better society.

It is necessary to take a constructive approach within the society, with particular emphasis on the factors that determine the quality of life and the various indicators that point to its evaluation, the objective and the subjective dimensions that generalize it in many aspects of the society and social life.

**Keywords:** *individual, society, protection*

## ВОВЕД

Концептот за квалитет на живот има значително долга еволуција. Од една страна неговото дефинирање, а од друга страна мерењето.

Во литературата може да се најдат различни дефиниции и модели но исто така и голем број на прашалници за мерење на квалитетот на живот. Но, сепак не постои согласување кај повеќе автори во однос на дефинирањето ниту пак универзално прифатен „златен стандард“ за негово мерење.

Моделите и дефинициите за квалитет на живот се разликуваат меѓу себе и тоа во психолошките аспекти, односно различните размислувања на индивидуите. Сепак и покрај тоа што постојат варијации во индивидуалните погледи, понатаму доследно се спроведува воспоставување на единствена терминологија за остварување на еднообразност во научните истражувања и примената на моделите за квалитет на живот во практиката. Тоа се базира на детална процена на сличностите и разликите во рамките на вредностите, размислувањата и однесувањето за она што значи квалитет на живот.

Бројот и обемот на поединечните димензиии за квалитет на живот означен во рамките на дефинициите е голем и затоа кај некои автори бележиме преклопување односно сличност. Ниту еден концепт не дава права слика за квалитетот на живот, бидејќи повеќето од нив се во една генерализирана форма. Но, кога е во прашање субјективниот квалитет на живот, моделот е ограничен бидејќи се однесува само на одредени популациони групи или заедници. Од друга страна, недоволното познавање на

суштината и смислата за животот се сведува на квалитетот на социјалната средина, општествените односи и психичката состојба на индивидуата.

Со цел да се дојде до резултати односно суштинско дефинирање на поимот квалитет на живот неопходно е животната филозофија да се засновува на следниве поставки: љубов, мудрост, разбирање, знаење, добрина, правда, универзалност и повисоко ниво на задоволство, комплексност, мултидимензионалност, конкурентна филозофија на живеење, смислата на животот и друго.

## 1. Модели кои го дефинираат квалитетот на живот

Според методологијата на EQLS (Europen Quality of life Surveys) постојат четири компоненти за задоволство во животот и тоа пристап до материјалните ресурси, социјална поддршка, социјална припадност и потешкотии при работа.[16]

Првата компонента е директно е поврзана со економската сфера, односно со квалитетот на ниво на системот на организација, другите компоненти имаат социјална категорија, со тоа што четвртата е поврзана со животниот стандард или потребата за дополнително професионално ангажирање.

Според методологијата на ЕУ субјективното чувство на човекот за квалитет на живот зависи од пристапот кон материјалните ресурси, влијанието на социјалната поддршка, чувството на социјална припадност и времето за слободни активности.[17]

Задоволството во животот настанува како резултат на очекувањата и реализацијата на животните потреби. Моделите за вреднувањето на квалитетот на живот за различни региони и различни нации и култури се различни кои треба да имаат универзални принципи како основа. Затоа е потребно да се поставаат модели за вреднувањето на квалитетот на живот заснован токму на различностите.

Многубројни студии се спроведени со цел да се утврди конечна листа на димензии на квалитетот на живот, но идејата за конечен стандардизиран сет на димензии сѐ уште е предмет на критика. Kaith (2001) тврди дека клучните димензии за квалитет на живот можат да се менуваат во зависност од културата и затоа низ културното генерализирање би имало недостатоци. Но, исто така некои автори нагласуваат дека домените утврдени во дефинициите за кавалитет на живот треба да бидат потенцијално неутрални, позитивни или негативни, бидејќи показателите за квалитет на живот претставуваат севкупност на животното искуство и повеќето модели ја потенцираат динамичната природа на концептот.[18]

### 1.1 Различни типови на модели кои го дефинираат квалитетот на живот

Со цел да се даде јасно и прецизно дефинирање на поимот квалитет на живот, истражувачите тргнале од три типа на модели кои го објаснуваат овој поим како и голем придонес во неговото јасно дефинирање.

Концепциски модел, претставува модел кој ја одредува димензијата и својствата на квалитетот на живот.

Концепциска рамка, претставува модел кој ја објаснува природата на меѓуодносите на елементите или димензијата и теоретска рамка што претставува и најсофистициран тип на модел и ја опфаќа структурата на елементите и нивниот однос во рамките на дадената теорија.

---

[16] EuroQoL (2016). 'About EQ-5D'. Retrieved 12 February, 2016, from http://www.euroqol.org/about-eq-5d.html

[17] https://ec.europa.eu/eurostat/web/gdp-and-beyond/quality-of-life

[18] https://www.researchgate.net/publication/7601052_Quality_of_life_and_its_measurement_Important_principles_and_guidelines

Квалитетот на живот е повеќедимензионална процена на околностите каде што се наоѓа поединецот, односно во контекст на културата во која живее и вредностите кои ги има. Тоа е пред сè субјективно чувство на благосостојба и ги опфаќа физичките, социјалните, психолошките, општествените и духовните димензии. Но во некои случаи објективните показатели може да ги надополнат субјективните како би помогнале за адекватна промена на квалитетот на живот. (Hass 1999)

## 2. Димензии кои го одредуваат поимот квалитет на живот

### 2.1 Различни пристапи при дефинирањетп на квалитет на живот

Освен одредувањето на димензиите на квалитетот на живот за неговото истражување речиси една од најважните компоненти е мерењето, што всушност значи начинот на кој е мерен, зависи и дефиницијата и она што е мерено.

Во зависност од предметот и целите истражувањата за квалитетот на живот можат да бидат сосема различни и проценката се развива во зависност од методолошкиот пристап на различни дисциплини. Постои извесна разлика помеѓу методите кои се користат за мерењето на квалитетот на живот на општата популација и оние што се користат за мерење на квалитетот на живот на поединецот.

Во двата пристапа доминантна методологија може да биде дефинирана како позитивистичка заснована на квантитативни методи, но исто така и користење на квалитативни методи кои се користат во истражувањата насочени во доменот на социјалните и психолошките показатели каде техниките на набљудување често се користат заедно со мерните инструменти.

Често користејќи ги концептите за квалитетот на живот и согледувајќи ги неговите разлики може да се каже дека концептот ја опишува севкупната благосостојба на која влијаат објективните показатели, но големо значење има и субјективната перцепција т.е. емоционалната, социјалната и материјалната благосостојба, личниот развој и активностите. Исто така овој концепт особено се следи низ призмата под влијание на телесно здравје, психолошка состојба, степен на независност, поврзаноста со други луѓе и социјалната околина.

Постојат различни пристапи кон овој поим во различни периоди утврдувајќи одредени приоритетни карактеристики специфични за дадената проблематика која се истражува. Квалитетот на живот како концепт се истражува во повеќе области, како што се економски, физички, емоционален, когнитивен, социјален и друго и придонесува да се осознае проблемот или состојбата на луѓето во даденото општество како и преземање на соодветни мерки и активности што би значело унапредување на квалитетот на живот.

Авторите од различни области пристапуваат кон концептот квалитет на живот од перспектива на своите интереси и цели во истражувањето и затоа дефиницијата на начин на кој се користи е варијабилна.

Така општествените показатели се развиени за процена на квалитетот на живот на општата популација во даден регион, градови и земји, а социјалните и психолошките показатели се развиени за процена на квалитетот на живот на поединецот и групиоте кои имаат заеднички карактеристики. Предмет на општествено ориентираните истражувања за квалитетот на живот се структурата и содржината на групата, заедницата или општеството, додека социјалните и психолошките истражувачи се насочени кон индивидуалните карактеристики на поединецот, социјалната припадност, менталното здравје и друго.

## 3. Концептуални пристапи при дефинирањето на факторите за поимот квалитет на живот

### 3.1 Влијателни фактори при дефинирањето на поимот квалитет на живот

Истражувачите ја поттикнаа дискусијата за разликите во дефинирањето на концептот квалитет на живот, кој по повеќе критериуми се разликува од широкиот концепт за квалитет на живот.[19] Неговата специфичност се состои во:

а) благосостојба (well being) која се состои од две компоненти.

Првата е способноста да се реализираат активностите како составен дел од секојдневниот живот кои се однесуваат на телесна, психолошка и социјална благосостојба и втората се однесува на задоволството на пациентот и контрола на болеста;

б) лично задоволство во животот и чувство на лична благосостојба

в) субјективна процена на позитивни и задоволувачки карактеристики во животот во целина

## 4. Детерминанти доминантни при примена на концептот квалитет на живот

Детерминантите за квалитетот на живот може да се класифицират во четири групи: политички, економски, институционални и човечки развој и култура. [20]

Голем број фактори во различни земји прикажуваат детерминанти на задоволство и квалитет на живот кои се различни.

Политичките фактори имаат значајно влијание на квалитетот на живот во сите земји и општествени заедници. Тоа е така бидејќи различни политички системи креираат различна општествена средина и систем на вредности, кои директно влијаат на животот на сите луѓе во дадена земја. Создадената идеологија и систем на однесување и живеење за дел од популацијата може да биде позитивна, а за друг дел негативна.

Досега сè уште не е создадена идеологија која ќе обезбеди таква општествена заедница која би генерирала со високо ниво на задоволство и квалитет на своите жители.

Економските фактори непосредно влијаат на квалитетот на живот на населението. Приходот кој го остварува поединецот, куповната моќ, вработеноста, задоволството на работа, степенот на невработеност и друго. Создадената клима за поголем економски раст и развој создава чувство на сигурност и личен напредок.

Врз квалитетот на живот влијаат и институционалните фактори првенствено на квалитетот на организацијата и функционалноста на институциите во општеството, човечкиот развој и култура како и системот за здравствена заштита.

Добриот систем на здравствена заштита го продолжува животниот век, ја намалува стапката на смртност, го зголемува квалитетот на живот и со тоа значајно влијае на личната среќа на индивидуите.

Културата и традицијата нивното негување и слободно изразување без дискриминација се важни елементи за остварување на повисоко ниво на квалитетен живот.

Секако дека изборот на детерминантите на субјективното задоволство е во пристапот и секој од развиените модели има свои предности и недостатоци.

Субјективното задоволство во животот е поврзано и со економскиот раст на една држава, пред сè преку унапредување на здравјето, дискриминацијата, правата на жените и сигурноста на долг рок.

---

[19] https://pdfs.semanticscholar.org/e6d3/548eb9a7243f4cac2772cd3577b106596975.pdf

[20] Development of the World Health Organization WHOQOL-BREF quality of life assessment. The WHOQOL Group.

Исто така семејството и односите во семејството имаат изразена корелација со задоволството на сопствениот живот. Тука се изразени емоциите, исполнување на целите во животот, чувството на продолжување на сопствениот живот преку децата и друго. Се смета дека во многу источни култури семејството е доминантен фактор за вреднување на личната среќа.

## 5. Социјална инклузија

Добро организираната држава која гарантира безбедност, праведност на секој поединец, здравствена заштита, образование, ефикасен и квалитетен транспорт и друго, се во корелација со задоволството во животот бидејќи овозможува сигурност на индивидуите да можат да ги реализираат своите цели во животот.

Вработеноста и квалитетот на работа е мотив за личната среќа и задоволство во животот.

Социјалната вклученост и ангажираност се важни за интерперсоналната комуникација и соработка што ги прави луѓето среќни и задоволни.

Активностите поврзани за културата и традицијата, како и хоби активности, посебно го осмислуваат животот.

Животот во националните и племенски заедници во традиционално опкружување, го даваат чувството на припадност и блискост кој е важен фактор за задоволство во животот.

Покрај наведените фактори постојат и други повеќе или помалку важни кои делуваат на среќата на поединецот.

Затоа може да заклучиме дека различни држави и нации креираат различни системи на вредности кои се одржуваат преку однесувањето и ставовите на секој член во заедницата (семејно воспитување, систем на образование, индекс на живеење и однесување).

Така се градат и моделите за квалитет на живот каде влијание имаат личните карактеристики на поединецот и стекнатиот систем на вредности поврзан со организацијата и однесувањето во заедницата.

Во рамките на различни модели за квалитет на живот постојат универзални детерминанти, но нивното значење е варијабилно од една до друга држава и од една до друга нација. Потребно е сите овие разлики да се земат предвид при истражувањето за квалитет на живот за да може со висок степен на вистинитост да се дојде до вредности на индексот за квалитет на живот. Исто така важно е кога ќе се истражува квалитетот на живот да се воведе комплексност, бидејќи упростувањето може да доведе до малку точни или погрешни резултати. Затоа комплексноста подразбира не само структура и динамика на организацијата на заедницата, туку и многу природни закони и феномени кои влијаат на квалитетот на живот.

Квалитетот на живот е концепт кој ги содржи посакуваните животни услови на поединецот поврзани со најдоминантните компоненти што го сочинуваат животот квалитетен. И тоа: емоционална благосостојба, меѓучовечки односи, материјална благосостојба, личен развој, физичка благосостојба, самореализација и статус во општесвото и во доменот на правото. Shalock (2000).

Односот помеѓу објективните и субјективните димензии за квалитетот на живот се состои во тоа што една влијае на друга, секоја димензија подлежи на низа надворешни фактори дефинирани преку биолошкиот склоп на поединецот, развојот, културата и социјалната средина.

Но, освен надворешните фактори тука се подразбира и наследство, општествени и материјални добра, старост, созревање и друго.

Квалитетот на живот се дефинира како перцепција на поединецот за сопствената положба во животот во контекст на култура и систем на вредности во кои живее, како и според своите цели, очекувања, стандарди и интереси. Тоа е широк концепт кои го сочинуваат физичкото здравје на поединецот, психолошкиот статус, материјалната независност, социјалните односи и нивните односи спрема значајни карактеристики на надворешната средина. СЗО (1995).

## 5.1 Дефинирање на поимот социјална инклузија

Генерално дефинирањето на поимот социјална инклузија е процес кој овозможува оние лица кои се наоѓаат во ризик и општествена исклученост да добијат можност и средства за целосно учество во економскиот, социјалниот, општествениот и културниот живот со цел достигнување на животен стандард и благосостојба кои се сметаат за прифатливи во општеството.

## 5.2 Различни пристапи при дефинирање на поимот социјална инклузија

Иако не постои унифицирана дефиниција за социјалнта инклузија, Krishna и Kummitha (2017) сметаат дека социјалната инклузија е наменета за решавање на мултидимензионални депривации кои произлегуваат поради потполно или недоволно исполнување на психички, социјални и емотивни потреби на луѓето кои се предизвикани од социјалното исклучување на луѓето.

Истите автори сметаат дека социјалната инклузија бара можности и ресурси, кои треба да бидат достапни и расположливи, на кој начин би се овозможило социјална ексклузија на оние кои од различни причини биле исклучени од економскиот, социјалниот, политичкиот и културниот живот.

Плејада на автори сметаа дека социјалната инклузија зависи од условите и околностите на даденото општество, каде со последователни социјални поставки ќе бидат загарантирани основните права за одржлив развој.[21]

Некои од авторите социјалната инклузија ја поврзуваат со менталното здравје, создавајќи при тоа приоритетни мерки за различни организации и за истражувачите заинтересирани за инклузивна практика на менталното здравје.

Односно, социјалната инклузија е процес на подобрување на условите на поединците и групите во општеството со цел подобрување на способноста, можностите и други аспекти на оние кои се загрозени и се исклучени за постигнување на одреден општествен придонес.

## 5.3 Инклузијата како морална дилема или економска потреба?

Инклузијата значи чувство на прифатеност од локалната заедница и пошироко, потврдување на способноста преку различни активности, остварување на правата и друго. Тоа значи дека сите луѓе без оглед на нивните способности, хендикеп, здравствени проблеми, потреби и друго, треба да бидат почитувани како личности како членови на заедницата и преку разни превентивни програми и активности ќе дадат допринос на развој на општеството.

Од аспект на идеологиите на човечкиот потенцијал, социјалната инклузија се обидува да го максимизира тој потенцијал користејќи модели на можност, а не модели

[21]https://oxfordre.com/education/view/10.1093/acrefore/9780190264093.001.0001/acrefore-9780190264093-e-129

на недостаток во толкувањето на социјалната инклузија како еманципација. На тој начин се вреднува разновидноста укажувајќи на колективен индивидуализам.

Социјалното вклучување ја зголеми свеста и мотивот на креаторите на политики и истражувачите за решавање на предизвиците на социјалната исклученост, со примена на пристап кој ќе биде холистички, позитивен и антиципиран, со цел да се изгради инклузивна организација.

Од особена важност е креирањето на социјални политики за социјалната инклузија на одредено структурно ниво и креирање на стратегии за социјално вклучување кои ги насочуваат важните фактори на општествено ниво.

Во развиените земји и земјите во развој социјалната инклузија треба да биде главна општествена цел каде истовремно ќе ги заштити човековите права и ќе стремежи за поправедно и подобро општество.

Социјалната инклузија е повеќедимензионален феномен каде што листата на приоритети во дадени домени треба да биде значително проширена во интерес на интегрирањето на поединците кон подобро учество на сите нивоа во општеството.

Поимот инклузија подразбира интеграција, но од социјален аспект претставува вклучување на поединците во дадената заедница, која повеќе или помалку може да биде отворена или затворена целина.

Адекватни, ефикасни и реални треба да бидат методите во контекст на квалитетот на живот и социјалната инклузија, со што ќе бидат насочени кон подобрувањето на положбата на индивидуите во општествената заедница подобрување на неформалното и формалното образование, подобрување на здравствената, социјалната и правната заштита, вклучувањето на лицата на пазарот на труд, психосоцијален третман и помош на истите.

За таа цел потребно е преземање на конструктивен пристап во рамките на општеството, со посебен акцент на факторите кои го детерминираат квалитетот на живот и различните показатели кои укажуваат за негова проценка, потоа објективните и субјективните димензии кои го генерализираат терминот во повеќе аспекти во општествениот живот.

Во контекст на пристапот на социјалната инклузија, имајќи ја во предвид мултифакторијалноста, треба да сеземе во предвид анализата на намалувањето на корелацијата на поединецот и заедницата, со анализа и поврзување на состојбите на социјален план и анализа на социо-економската состојба на општеството.

## ЗАКЛУЧОК

Важни фактори кои влијаат на концептот квалитет на живот според современите истражувачи се општествено–економските фактори каде образованието и приходот се компоненти кои дирекно влијаат. Потоа соодветен пристап на здравствена заштита и користење на адекватни и квалитетни здравствени услуги, со посебен акцент на промоцијата на јавното здравје во локалните заедници и друго.

Концептот за квалитетот на живот и факторите кои го одредуваат и влијаат во корелација со социјалната инклузија зависат од физичкото здравје на поединецот, неговиот психолошки статус, материјалната независност на поединецот, социјалните односи и односот на поединецот кон различни карактеристики на надворешната средина.

Подобрувањето на квалитетот на живот и имплементирање на национална стратегија со која ќе се овозможи социјално вклучување на поединците во општеството, подразбира градење на современ, адекватен и ефикасен нов социјален модел.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


Berkman LF. & Glass T. (2000). Social integration, social networks, social support & health;

Berry HL & Rickwood DJ. (2000). Measuring social capital at the individual level: personal social capital, values and psychological distress. *International Journal of Mental Health Promotion;*

Pevalin DJ. & Rose D. (2002). Social capital for health; investigating the links between social capital and health using the British Household Panel Survey. *(NHS) Health Development Agency*;

Putnam R. (2001). Social Capital; measurement and consequences. *Canadian Journal of Policy Research;*

Mandzuk LL & McMillan DE. (2005). A concept analysis of quality of life;

Garratt A. & Schmidt L. & Mackintosh A. & Fitzpatrick R. (2002). Quality of life measurement: *bibliographic study of patient assessed health outcome measures.*

Vuletic G.& Mujkic A.(2009). Što cini osobnu kvalitetu života: Studija na uzorku Hrvatske gradske populacije.*Škola narodnog zdravlja A. Štampar" Medicinski fakultet Sveucilišta u Zagrebu*;

Michalos AC.(2004). Social Indicators Research and Health-Related Quality of Life Research;

Rapley M. (2003). Quality of Life Research. *ISBN0 7619 5456 2, British Library*;

Salajka F. (2001). Quality of life of oncological patients.